Erasmus+

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД
Бр. 09-429/2
04.09.2026 20 ___ год.
ОХРИД

УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (УИНТ) „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

Објавува

КОНКУРС

ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+

АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ

Студентски мобилности за студии

Проект 2025-1-MK01-KA131-HED-000306112

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската комисија, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, распишува Конкурс за доделување **една (1) стипендија за студентски мобилности за студии** во земјите на ЕУ, Турција и Србија.

На конкурсот за студиски престој за студии на високообразовните институции можат да се пријават студенти на Универзитетот со македонско државјанство кои во моментот на реализирање на мобилноста се запишани најмалку во втора година на студии.

Мобилноста за студенти е во времетраење од два месеци за студиска пракса во летен семестар 2026/27та година. Студентите кои за прв пат аплицираат ќе имаат предност при доделувањето на стипендии.

Конкурсот за студенти е отворен до 25 Септември 2026 година.

Заинтересираните апликанти треба да ги поднесат своите апликации во коверт до Координаторот за Еразмус + КА 131 (во библиотеката на Универзитетот), секој работен ден од 8 до 16 часот, на ковертот треба да го наведат сопственото име и да назначат дека се работи за поднесување на апликација за учество во програмата Еразмус+.

Апликациите за учество на студенти задолжително треба да содржат:

- Мотивациско писмо напишано на англиски јазик во кое апликантот треба да напише зошто аплицира за користење на индивидуална мобилност и кои се неговите очекувања како и компанијата за која аплицира за стажирање.
- Листа со називи и добиени оцени на шест предмети за кои студентот добил највисоки оценки во досегашниот тек од студиите;

Покрај задолжителните содржини ги охрабруваме апликантите кон апликацијата да ги достават и следниве документи:

- Диплома за познавање на англиски јазик или доказ за познавање на јазикот на кој би се реализира наставата на соодветната високообразовна институција, односно обуката/стажирањето;
- Други дипломи или награди стекнати во текот на студиите (ако има такви);
- Една писмена препорака од професор или асистент од Универзитетот „Св. Апостол Павле“.

Поднесените апликации ќе ги оцени комисија, согласно постигнатиот успех и останатите елементи од апликацијата, по што ќе биде изготвена ранг листа, а највисоко рангираните ќе имаат предност при изборот на високообразовната институција каде ќе аплицираат за реализација на мобилноста.

За повеќе информации посетете ја ЕРАЗМУС+ секцијата на веб страната на УИНТ, особено во делот кој се однесува на студенти кои заминуваат на мобилност (Outgoing students).

Доколку имате било какви дополнителни прашања, обратете се кај Олгица Апостолова - контакт лице за ЕРАЗМУС+ програмата, преку електронска пошта на следнава адреса: olgica.apostolova@uist.edu.mk.